РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско Основно училиште
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Бр. 03-153/1
19-5 2023 год.
с.Љубанци Општина Бутел-Скопје

Општинското основно училиште „Гоце Делчев“, с.Љубанци-Бутел, Скопје согласно член 75 став 3 од Законот за основно образование ( „Сл.весник на РСМ“ бр.161/2019) и Правилник за номинирање, избор и прогласување на ученик на генерација и пофалени и истакнати ученици при ООУ „Гоце Делчев“, с.Љубанци-Бутел, Скопје распишува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**

за првенец на генерација во учебната 2022/2023 година и за истакнат ученик на генерација од V, VI, VII и VIII одделение во учебната 2022/2023 година

Право на учество за првенец на генерација имаат сите ученици од IX одделение кои ги исполнуваат следните критериуми:

- Кандидатот да постигнувал среден успех 5,00 на крајот на наставната година од IV до IX одделение;
- Кандидатот да бил оценет со примерно поведение на крајот на наставната година од IV до IX одделение;
- Да учествувал на училишни, општински, регионални, државни, меѓународни натпревари или проекти каде го претставувал училиштето;
- Да не бил казнуван со педагошка мерка од било кој вид во текот на школувањето во училиштето;
- Вкупниот број на неоправдани изостаноци во текот на годината да не биде поголем од 3 (за секоја учебна година одделно);
- Во текот на школувањето во училиштето да покажал интерес за учество во активности, промоции и проекти за унапредување на училиштето.

Право на учество за истакнат ученик на генерација од V, VI, VII и VIII одделение имаат сите ученици од V, VI, VII и VIII одделение кои ги исполнуваат горенаведените критериуми, меѓутоа истите се однесуваат на тековната учебна година (доказите прилог кон пријавата треба да се однесуваат на тековната учебна година).

Предлог (номинација) за првенец на генерација и за истакнат ученик на генерација од V, VI, VII и VIII одделение може да даде одделенската заедница, одделенскиот раководител, предметен наставник кој изведува настава во таа паралелка, стручен соработник или ученикот сам да се кандидира.

Предложениот кандидат за првенец на генерација и за истакнат ученик на генерација од V, VI, VII и VIII одделение е должен до комисијата за избор на првенец на генерација и пофалени ученици да достави Пријава, CV-кратка биографија и соодветна документација со која ја поткрепува кандидатурата, преку архивата на училиштето најдоцна до 25.05.2023 година.

19.05.2023 год.

Директор
Силвана Терзиева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско Основно училиште
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
с.Љубанци Општина Бутел-Скопје